# ИЗДАВАЧКИ ПРЕДГОВОР

Издавањето на овој број на списанието „Шумарски преглед“ нè наведе да се обратиме на инженерската и на другата стручна јавност од шумарството и дрвната индустрија со краток уреднички осврт.

Списанието „ШУМАРСКИ ПРЕГЛЕД“ првпат е објавено во јануари 1953 година. Во периодот од првото публикување до 1991 година, Шумарскиот преглед се печати редовно, секоја година, на почетокот двомесечено, а потоа по еден број за четири, односно за шест месеци. Во овој период, и покрај сè потешките финансиски услови, списанието редовно и непрекинато се објавува. Во 1991 година е издаден еден годишен број на „Шумарски преглед“, во кој се опфатени трудови презентирани на советувањето на тема: „Потреби и можности за унапредување на шумите како битен фактор на еколошката рамнотежа и развојот на Македонија“. Оттогаш, главно поради вонредно тешката финансиска положба, и покрај присутниот интерес на авторите и напорите на „Сојузот на инженери по шумарство и индустрија за преработка на дрво“, не е објавен број од списанието.

Претседателството на „СИШПДМ“, согледувајќи ги објективните услови во последниов едногодишен период, презеде иницијатива за продолжување на долгогодишното издавање на „Шумарски преглед“. Резултат на ваквите напори е објавувањето на овој број, број со кој, покрај другото, правиме напор да се задржи континуитетот на постоењето на оваа институција. Со него е опфатен периодот од 1992 до 1997 година и се презентира еден дел од трудовите што биле доставени до Редакцијата на списанието. Во оваа прилика мораме да ги признаеме слабостите, да се извиниме и изразиме жалење на авторите кои во меѓувреме ги повлекоа доставените трудови и ги публикуваа во други списанија.

Овој број нека послужи и како отворен повик за обновување на соработката во списаниево.

Од уредничкиот одбор

# ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ НА „СИШИПДМ“ ВО ВРСКА СО ИЗДАВАЊЕТО НА *ШУМАРСКИ ПРЕГЛЕД*

На 15 јули 1996 година, во Кичево, Сојузот на инженери по шумарство и индустрија за преработка на дрво на Република Македонија го одржа своето XI изборно собрание. Во рамките на Собранието беа разгледани повеќе технички, организациски и финансиски проблеми. Меѓу останатото, под точка 7 од дневниот ред е предложен и избран Уредувачки одбор на списанието „Шумарски преглед“, во состав: д-р Константин Бахчеванциев, д-р Дана Колева, д-р Петруш Ристевски, д-р Ефтим Брндевски и м-р Јанче Сакалиев. За главен уредник е избран д-р Константин Бахчеванциев.

На втората седница на Претседателството на СИШИПДМ, одржана на 16 мај 1997 година, Претседателството донесе повеќе заклучоци во врска со подготовките што треба да се преземат за печатење на списанието „Шумарски преглед“. По иницијатива на Уредничкиот одбор е предложено и прифатено: „Да се напушти постојниот формат на списанието и да се прифати нов попривлечен формат којшто одговара на современите трендови“.

Како резултат на тоа, од овој број списанието *Шумарски преглед* преминува на печатење во формат „А4“. Новини се внесуват

и во содржината и во формата на трудовите што се печатат, како и во приодот кон оригиналноста на ракописите, за што подетално е изложено во Упатството за поднесување трудови. Такви се и напорите за внесување нови форми на соработка со оперативата, како спонзорирани написи и реклами, кои, покрај информирањето, имаат цел и да ја подобрат тешката финансиска состојба. Се надеваме дека преземените промени ќе бидат одобрени и лесно прифатени од стручната јавност и ќе вродат позитивни резултати.

И ова кусо соопштение нека послужи како отворен повик за соработка со списанието *Шумарски преглед*.

Од уредничкиот одбор